**НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА ПРЕДМЕТОТ**
**СТВАРНО ПРАВО**

## I. Податоци за раководителот на предметната програма и предметните наставници

| **Име и презиме:** | **Научен степен и академско звање:** |
|---|---|
| Проф. д-р Родна Живковска | VIII доктор на науки |
| Проф. д-р Тина Пржеска | VIII доктор на науки |

## II. Податоци за соработниците и другите предавачи на предметната програма

| **Име и презиме на соработникот:** | **Научен степен и академско звање на соработникот:** |
|---|---|
| **Други предавачи (експерти од практиката):** | |

## III. Основни податоци за предметната програма

| **Назив на предметната програма:** Стварно право | |
|---|---|
| **Код на предметната програма:** 508032 | **Број на кредити:** 4 |
| **Вкупно часови настава:** 30 | **Број на страници задолжителна литература:** 230 |
| **Студиска година кога се изучува предметната програма:** II година | **Семестар во кој се изучува предметната програма:** 3 семестар |

## IV. Опис на предметната програма и клучни зборови (термини)

**Опис на предметната програма**

Стварното право претставува дел од граѓанското право кое ги уредува оние имотни односи кои настануваат по повод директната-непосредната власт на стварите (објективното стварно право). Станува збор за регулирање на основните стварноправни инстиути: ствари, владение и стварни права (сопственоста како главно стварно право и другите стварни права: службеност, залог, реален товар и долготраен закуп на градежно земјиште).

Стварното право, како научна дисциплина ги изучува следните прашања: ПОИМОТ СТВАРНО ПРАВО; СВАРНОТО ПРАВО КАКО ОБЈЕКТИВНО ПРАВО (поим, стварноправен институт, позитивно стварно право, интертемпорално стварно право); СТВАРНОТО ПРАВО КАКО СУБЈЕКТИВНО ПРАВО (поим, карактеристики, развој низ историјата, класификации на стварните субјективни права, видови субјективни стварни права низ историјата на Македонија, неспорни стварни права – сопственост, службеност, залог, реален товар, спорни стварни права – општествена сопственост, право на користење на градежно земјиште, станарско право и право на првенствено купување); СТВАРНОТО ПРАВО КАКО НАУКА; СИСТЕМ НА СТВАРНОТО ПРАВО; СТВАРИ (поим и видови); ВЛАДЕНИЕ (поим, видови и заштита); ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ ВО ПОЗИТИВНОТО ПРАВО НА Р.

МАКЕДОНИЈА (поим, видови, стекнување, вршење, заштита и престанок); ДРУГИТЕ СТВАРНИ ПРАВА ВО ПОЗИТИВНОТО ПРАВО НА Р. МАКЕДОНИЈА (поим, видови, стекнување, вршење, заштита и престанување); ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА СТВАРИТЕ (движни и недвижни, системи на запишување на правата на недвижностите во светот, системи на запишување на правата на недвижностите во Р. Македонија (катастар на земјиште, катастар на недвижности и таписки).

**Клучни зборови (термини) за предметната програма**

Стварно право, стварни субјективни права, граѓанскоправни односи, имотни односи, граѓански субјективни права

## V. Цели и резултати што треба да се постигнат

**Цели и резултати што треба да се постигнат**

Концепцијата на наставната програма по предметот стварно право има за цел студентите да се стекнат со теоретски и практични познавања од областа на стварното право, како доста значајна и актуелна сфера во правниот систем на Р. Македонија.

Од студентот пред се очекува да се запознае со системот на стварното право и правната регулатива од оваа област. Исто така, преку наставната програма се очекува студентот да се запознае детало со стварноправните институти што постојат во правниот систем на Република Македонија. Пред се студентот треба да знае кои се стварните субјективни права уредени со позитивното право на Репулика Македонија, нивната содржина, начин на стекнување, формите на заштита на стварите субјективни права и престанокот на субјективното право.

Студентот, преку наставната програма ќе има можност да се запознае и со компаративното право од оваа област на земјите од соседството, на земјите членки на Европската унија, како и со англосаксонското право.

## VI. Методологија на предавање

**Методологија на предавање**

Во наставата примарно ќе биде застапена интерактивната настава со студентите која подразбира активно учество на студентот во текот на наставата, преку презентација на теми од предметната програма како и учество во дебати и дискусии во текот на предавањето.

Бидејќи предметот е позитивноправен во оваа предметна програма ќе биде застапена и практичната настава. Преку пракичната наставата студентите ќе имаат можност да се запознаат со реализацијата на стварните субјективни права (сопственост, службеност, залог, реален товар) во правиот живот на Република Македонија. Во практичниот дел на студентите ќе им бидат презентирани случаи од судската пракса од областа на стварното право.

Презентациите како форма на интерактивна настава ќе опфаќаат подготовка на материјата од областа на регулативата и остварувањето на стварните права во правниот живот на Р. Македонија. Студентите, исто така, ќе бидат вклучени во наставата и преку дополнителни активности како што се изработка на есеи на теми од стварно право, спроведување на истражување и други форми на дополнитени активности преку кои би можело да се оцени степенот на совладаноста на материјата од страна на студентот.

Целокупната активност на студентот ќе се вреднува како активност на предавања.

## VII. Детална структура на предметната програма

| | |
|---|---|
| **Недела бр. 1** | **број на часови: 2,5** |
| **назив на тематската целина:**<br>**Поимот стварно право** | **задолжителна литература:**<br>**Р. Живковска,** *Стварно право*, Европа 92, Скопје, 2005; |
| **Детална структура на тематската целина:**<br>Поимот стварно право<br>1. Поимот стварно право;<br>2. Стварното право како објективно право:<br>3. Поимно определување на стварното право;<br>- Стварноправен институт;<br>- Позитивно стварно право (извори на македонското стварно право);<br>- Примена на позитивното стварно право (интертемпорално стварно право);<br>4. Стварното право како субјективно право:<br>- Правна природа, поим и содржина на стварното субјективно право,<br>- Карактеристики на стварните субјективни права:<br>а) основни карактеристики,<br>б)други карактеристики;<br>5. Стварното право како правна наука;<br>6. Разграничување на стварните од облигацоните права. | |
| **Недела бр. 2** | **број на часови:2,5** |
| **назив на тематската целина:**<br>**Поимот ствари** | **задолжителна литература:**<br>**Р. Живковска,** *Стварно право*, Европа 92, Скопје, 2005; |
| **Детална структура на тематската целина:**<br>Поимот ствари<br>1. Поимот ствари;<br>а)Ствар во физичка смисла и ствар во стварноправна смисла;<br>- ствар во физичка смисла;<br>- ствар во стварноправна смисла;<br>- една ствар – повеќе стварни права;<br>- правото како ствар на стварното субјективно право;<br>2. Подвижни и недвижни ствари:<br>- правниот режим на подвижните ствари;<br>- правниот режим на недвижните ствари;<br>- Superficies solo cedit и superficiei solum cedit;<br>- Објекти од траен карактер и објекти од времен карактер;<br>3. Прости и сложени ствари;<br>4. Главна и споредна ствар. | |
| **Недела бр. 3** | **број на часови:2,5** |
| **назив на тематската целина:**<br>**Видови ствари и нивниот правен режим** | **задолжителна литература:**<br>**Р. Живковска,** *Стварно право*, Европа 92, Скопје, 2005; |
| **Детална структура на тематската целина:**<br>Видови ствари и правниот режим на стварите<br>1. Видови ствари и нивниот правен режим:<br>а) Ствари (добра) од општ интерес на Р. Македонија (земјоделско земјиште, градежно земјиште, шуми, води, ловишта, пасишта, гробишта, ствари од општа употреба);<br>б) Плодоносни ствари и плодови, користи и други производи; | |

| | |
|---|---|
| в)Човекот како ствар;<br>г)Напуштени ствари;<br>д)Изгубена ствар;<br>е)Делливи и неделливи ствари;<br>ж)Потроши и непотрошни ствари;<br>з)Индивидуално определени и родово определени ствари;<br>ѕ)Заменливи и незаменливи ствари;<br>и)Парите како ствари;<br>ј)Хартии од вредност како ствари;<br>к)Ствари во промет и ствари надвор од промет. | |
| **Недела бр. 4** | **број на часови:2,5** |
| **назив на тематската целина:**<br>**Видови стварни права во Р. Македонија** | **задолжителна литература:**<br>**Р. Живковска,** *Стварно право*, Европа 92, Скопје, 2005; |
| **Детална структура на тематската целина:**<br>Видови стварни права во Р. Македонија<br>*1.* Видови на стварни права во Република Македонија;<br>2. Правото на сопственост според Уставот на Република Македонија;<br>*3.* Општи карактеристики на Законот за сопственост и други стварни права;<br>*4.* Правото на сопственост во правниот систем на Р. Македонија:<br>*а)* Објект на правото на сопственост;<br>*б)*Основни облици на правото на сопственост:<br>**-** право на сопственост на физичките и правните лица (приватна сопственост) ;<br>**-** државна сопственост;<br>**-** сопственост на единиците на локалната самоуправа. | |
| **Недела бр. 5** | **број на часови:2,5** |
| **назив на тематската целина:**<br>**Правото на сопственост** | **задолжителна литература:**<br>**Р. Живковска,** *Стварно право*, Европа 92, Скопје, 2005; |
| **Детална структура на тематската целина:**<br>Правото на сопственост<br>1. Подоблици на правото на сопственост:<br>а)Сосопственост;<br>- поим и предмет на правото на сосопственост;<br>- вршење на правото на сосопственост;<br>- право на делба;<br>- управување со стварта;<br>- право на делба (договорна и судска)<br>б)Заедничка сопственост;<br>- поим и предмет на заедничка сопственост;<br>- утврдување на дел во заедничка ствар;<br>- заедничка сопственост во брачна заедница и вонбрачна заедница;<br>- заедничка сопственост во наследничка заедница;<br>- заедничка сопственост во семејна заедница;<br>в)Етажна сопственост:<br>- поим и предмет на етажна сопственост;<br>- права и должности на сопствениците на посебните делови од зграда во однос на тие делови;<br>- права и должности на сопствениците на посебните делови од зграда во однос на заедничките делови на зградата како целина. | |
| **Недела бр. 6** | **број на часови:2,5** |

| назив на тематската целина: **Стекнување на правото на сопственост** | **задолжителна литература:** **Р. Живковска,** *Стварно право*, Европа 92, Скопје, 2005; |
|---|---|

**Детална структура на тематската целина:**
Стекнување на правото на сопственост
*1.* Стекнување на правото на сопственост;
*2.* Основи за стекнување на правото на сопственост:
*3.* Оригинерни начини на стекнување на правото на сопственост (стекнување врз основа на закон):
- Создавање на нова ствар;
- Мешање и спојување;
- Градење на земјиште;
- Стекнување на правото на сопственост со одржувачка;
- Сеење и садење на растенија;
- Сопственост на плодови:
- Припојување и таложење;
- Корито на водотек;
- Создавање остров;
- Окупација;
- Напуштени ствари;
- Наоѓање на туѓа ствар;
*4.* Стекување на правото на сопственост по пат на наследување;
*5.* Стекнување врз основа на одлука од надлежен државен орган.
*6.* Стекнување на правото на сопственост врз основа на правно дело ;

| **Недела бр. 7** | **број на часови:2,5** |
|---|---|
| **назив на тематската целина:** **Заштита на правото на сопственост;** **Другите стварни права во правниот систем на Р. Македонија.** | **задолжителна литература:** **Р. Живковска,** *Стварно право*, Европа 92, Скопје, 2005; |

**Детална структура на тематската целина:**
Заштита на правото на сопственост
1. Заштита на правото на сопственост:
а) Тужби за заштита на правото на сопственост:
- тужба за поврат на стварта;
- тужба на претпоставениот сопственик;
- тужба за заштита на сосопственоста и заедничката сопственост;
- деклараторна тужба;
2. Други стварни права:
а) Право на службеност:
- поим и содржина на правото на службеност;
-видови службености;
-стекнување на правото на службеност;
б)Право на залог:
- поим и содржина;
- видови на залог;
- стекнување на правото на залог (договорен, судски, законско заложно право);
в)Правото на реален товар:
- поим, содржина и стекнување;
г)Право на стварноправен долготраен закуп:
- поим, соржина и стекнување на правото.

| **Недела бр. 8** | **број на часови:2,5** |
|---|---|
| **назив на тематската целина:** | **задолжителна литература:** |

| | |
|---|---|
| **Поимот владение, видови владение, стекнување, заштита и престанок на владението** | **Р. Живковска,** *Стварно право*, Европа 92, Скопје, 2005; |
| **Детална структура на тематската целина:**<br>Поимот владение<br>1. Поимот владение;<br>2. Поимите субјективно стварно право, владение и држење;<br>3. Класична и модерна концепција за владението;<br>4. Правниот режим на владението во Република Македонија;<br>5. Субјекти и предмет на владението<br>6. Видови владение:<br>а) непосредно и посредно владение;<br>б) оригинерно и изведено владение;<br>в) владение на ствар;<br>г) владение на право;<br>д) индивидуално владение;<br>ѓ)законско и незаконско владение;<br>е) вистинско (право, мирно) и невистинско (манливо, вициозно) владение;<br>ж) совесно и несовесно;<br>з) наследничко владение;<br>7. Стекнување и престанок на владението;<br>8. Заштита на владението. | |
| **Недела бр. 9** | **број на часови:2,5** |
| **назив на тематската целина:**<br>**Стекнување на правото на сопственост на недвижности** | **задолжителна литература:**<br>**Живковска Р., Пржеска Т., Димова С., Петушева Н.,** *Коментар на Законот за катастар на недвижности*, Европа 92, Скопје 2013, стр.235-253 |
| **Детална структура на тематската целина:**<br>Стекнување на правото на сопственост на недвижности<br>1. Посебен осврт на стекнување на правото на сопственост на недвижности;<br>*2.* Катастар на недвижности:<br>*а)* Поим за катастар на недвижности;<br>*б)* Начела на запишување во катастарот на недвижности:<br>- Начело на задолжително запишување на правата на недвижностите;<br>- Начело на конститутивност на запишувањето;<br>- Начело на јавност на запишаното во Катастарот на недвижностите;<br>- Начелото на точност и верба во запишаното;<br>- Начелото на законитост при запишувањето;<br>- Начелото на приоритет;<br>- Начелото на одреденост;<br>- Начело на самостојност; | |
| **Недела бр. 10** | **број на часови:2,5** |
| **назив на тематската целина:**<br>**Издавање на податоци од катастарот на недвижности** | **задолжителна литература:**<br>**Живковска Р., Пржеска Т., Димова С., Петушева Н.,** *Коментар на Законот за катастар на недвижности*, Европа 92, Скопје 2013, стр. 253-278. |
| **Детална структура на тематската целина:**<br>Издавање на податоци од катастарот на недвижностите:<br>-Имотен лист<br>-Имотен лист за инфраструктурни објекти | |

| | |
|---|---|
| -Лист за предбележувањена градба<br>-Евидентен лист<br>-Евидентен лист за инфраструктурни објекти<br>-Уверение за историски преглед на извршените запишувања<br>- Уверение за историски преглед на извршените запишувања за вредноста на недвижностите<br>-Уверение дека лицето не е запишано во катастарот на недвижности<br>-Список на индикации за катацтарските парцели<br>-Копии од збирката на исправи<br>-Извод од катастарски план<br>-Извод од план на инфраструктурни објекти<br>-Податоци за вредноста нанедвижноста<br>-Други податоци | |
| **Недела бр. 11** | **број на часови:2,5** |
| **назив на тематската целина:**<br>**Видови, правни основи и исправи за запишување направата на недвижноститево катастарот на недвижностите;**<br>**Востановување на катастар за инфраструктуни објекти.** | **задолжителна литература:**<br>**Живковска Р., Пржеска Т., Димова С., Петушева Н.,** *Коментар на Законот за катастар на недвижности*, Европа 92, Скопје 2013, стр. 279-332. |
| **Детална структура на тематската целина:**<br>Видови, правни основи и исправи за запишување направата на недвижноститево катастарот на недвижностите<br>1.Видови на запишување во катастарот на недвижности<br>а)Укнижување;<br>б)Предбележување;<br>в)Прибележување;<br>2.Правни основи за запишување во катастарот нанедвижности<br>3.Исправи за запишување<br>4.Услови за запишување<br>5.Востановување на катастар на инфраструктурни објекти | |
| **Недела бр. 12** | **број на часови:2,5** |
| **назив на тематската целина:**<br>**Европско стварно право** | **задолжителна литература:**<br>**Спаркс П.,** *Европско стварно право*, Просветно дело, Скопје, 2009, стр.95-130. |
| **Детална структура на тематската целина:**<br>Европско стварно право<br>1. Национални и европски стварни системи;<br>2. Недвижности;<br>3. Локација;<br>4. Избор на меродавно стварно право;<br>5. Сопственоста на европските институции;<br>6. Почитување на принципот на територијалност;<br>7. Супсидијарност;<br>8. Основни права во ЕУ;<br>9. Приближување. | |

## VIII. Активности на надворешни институции

| Активности на надворешни институции |
| --- |
| |

## IX. Литература

| Задолжителна литература |
| --- |
| 1.**Живковска Р.,** *Стварно право*, Европа 92, Скопје, 2005, стр.1-44, 105-264.<br>2.**Живковска Р., Пржеска Т., Димова С., Петушева Н.,** *Коментар на Законот за катастар на недвижности,* Европа 92, Скопје 2013, стр.234-333.<br>3. **Спаркс П.,** *Европско стварно право*, Просветно дело, Скопје, 2009, стр.95-130.<br>4. **Живковска Р.,** Закон *за сопственост и други стварни права (со регистар на поими)*, Скопје, 2007. |
| **Дополнителна литература** |
| |

## X. Континуирано и завршно оценување

| |
| --- |
| **<u>Редовни студенти</u>**<br>*Редовните студенти се должни да присуствуваат на најмалку 51% од наставата организирана за оваа предметна програма согласно распоредот за предавања.<br>*Оценувањето на редовните студенти се остварува преку континуирано и завршно оценување.<br>*Континуираното оценување се спроведува во текот на предавањата и вклучува *активност во наставата*. Студентот треба да освои најмалку 6 поени од континуираното оценување за да може да се јави на завршното оценување.<br>*Завршното оценување носи најмногу 100 поени и се состои од *завршен испит* кој се спроведува усно. При завршното оценување се земаат предвид и поените од континуираното оценување кои ја надминуваат минималната граница од 6 поени.<br><br>*<u>Објавување на поените од активност</u>*<br>*Поените од активност се објавуваат за увид на студентот два пати и тоа:*<br>*1. по истекот на 6 недела предавања и*<br>*2. по истекот на 12 недела предавања*<br><br>*<u>Пријавување на завршниот испит</u>*<br>*Секој студент е должен да го пријави полагањето на завршниот испит во соодвената сесија на начин и во рокови кои ќе бидат административно определени.*<br><br>**<u>Вонредни студенти</u>**<br>*Оценувањето на вонредните студенти се остварува само преку завршно оценување кое носи најмногу 100 поени. Завршното оценување се состои од завршен испит кој се спроведува усно.<br><br>*<u>Пријавување на завршниот испит</u>*<br>*Секој студент е должен да го пријави полагањето на завршниот испит во соодвената сесија на начин и во рокови кои ќе бидат административно определени.* |